35.077.3(497.7)

# АНАЛИЗА НА ПРЕКРШОЧНИТЕ ОДРЕДБИ ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ВО ОДНОС НА ВИСОЧИНАТА НА ГЛОБАТА

*Проф. д-р Гордана Лажетиќ - Бужаровска*[1]
*Доц. д-р Александра Груевска-Дракулевски*[2]

**Вовед**

Системот на казниви дела во Република Македонија познава две категории: казнени дела и прекршоци. Новата уставна концепција за пренесување на надлежноста за изрекување санкција за одделни, со закон определени прекршоци, на управните органи е прифатена и вградена во новиот Закон за прекршоците (во натамошниот текст означен со кратенката: ЗП).[3]

Во ЗП се определуваат општите услови за пропишување на прекршоците и прекршочните санкции, општите услови за утврдување на прекршочната одговорност, за изрекувањето и извршувањето на прекршочните санкции и се пропишува прекршочната постапка што ја водат судовите, односно врз основа на ЗП и друг закон органите на државната управа или организациите и другите органи што вршат јавни овластувања надлежни за изрекување на прекршочни санкции (чл.1 ЗП). За прекршокот и прекршочната одговорност сообразно се применуваат одредбите од општиот дел на Кривичниот законик (во натамошниот текст означен со кратенката: КЗМ), како и одредбите од Законот за кривичната постапка (чл.2 ЗП).[4]

Според ЗП прекршокот се дефинира како противправно дело кое е определено со закон како прекршок, чии обележја се определени со закон и за што е пропишана прекршочна санкција. Понатаму, поимот прекршок ги опфаќа и делата што во одделни закони се предвидени како стопански престап (чл.5, чл.44, ст.1 ЗП).

Новиот ЗП предвидува неколку видови прекршочни санкции. Според овој закон, за сторен прекршок може да се изречат прекршочни санкции за полнолетни

---

[1] Вонреден професор на Правниот факултет „Јустинијан Први“ во Скопје.

[2] Доцент на Правниот факултет „Јустинијан Први“ во Скопје.

[3] „Службен весник на Република Македонија“ бр.62/ 2006 и 69/2006. Амандман XX за измена на Уставот на Република Македонија: 1. За прекршоци определени со закон, санкција може да изрече орган на државната управа или организација и друг орган што врши јавни овластувања. Против конечна одлука за прекршок се гарантира судска заштита под услови и постапка уредени со закон. 2. Со овој амандман се дополнува членот 13 од Уставот на Република Македонија. Подетално в: Камбовски, В. (2006) „Казнено право, општ дел“, Скопје: 2 Август С Штип.

[4] Кривичен законик на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија“ бр.37/1996; 80/1999; 4/2002; 43/2003; 19/2004; 81/2005; 60/2006; 73/2006; 7/2008; 139/2008; 114/2009 и 51/2011).
Закон за кривичната постапка („Службен весник на Република Македонија“ бр.150/2010).

сторители, прекршочни санкции за малолетни лица, прекршочни санкции за правни лица и посебни прекршочни мерки (чл.4 ЗП).

Меѓу прекршочнте санкции најспорна е глобата од аспект на нејзината височина која се определува на двоен начин - определен минимум и максимум со ЗП и можност за изрекување повисок износ на глобата определен со друг закон (чл.15 ст.3).

Под поимот глоба се смета денарската противвредност на износот на еврото во времето на изрекувањето на глобата пресметана во денарска противвредност без децимали (чл.44, ст.8 ЗП). Сепак, во законите кои регулираат материја од определена област и предвидуваат прекршочни одредби, освен во евра, определуваат износ на глоба во денари, динари, плата, односно процент од годишниот приход. Зачудува фактот за ваквиот приод во пропишување на глобата кој сосема излегува надвор од рамките на одредбите на ЗП за начинот на определување на глобата.

Скромната цел на овој труд се прекршочните одредби содржани во повеќе од 230 закони во Република Македонија во однос на минималната и максималната височина на прекршочната санкција– глоба. Анализирани се прекршочните одредби за височината на глобата и тоа во однос на:

- физички лица,
- физички лица за прекршоци сторени од користољубие или со кои се предизвикува поголема имотна штета,
- глоба на самото место за физички лица,
- правни лица,
- правни лица за прекршоци сторени од користољубие или со кои се предизвикува поголема имотна штета,
- глоба на самото место за правни лица,
- одговорно лице во правно лице или службено лице или трговец поединец,
- одговорно лице во правно лице, службено лице или трговец поединец за прекршоци сторени од користољубие или со кои се предизвикува поголема имотна штета, и
- глоба на самото место за одговорно лице во правно лице, службено лице или трговец поединец.

Прегледот на анализираните закони е даден во **Анекс 1** кон овој труд.

## 1. Височина на глобата според прекршочните одредби во анализираните закони

### 1.1. Физички лица

Поимот физичко лице во согласност со чл.44, ст.2 ЗП, опфаќа и одговорно лице во правно лице, трговец-поединец, службено лице, воено лице и лице што врши дејност самостојно.

За одговорност на физичко лице достатна е небрежност, доколку со законот во кој е пропишан прекршокот не е определено дека ќе се казни само кога е сторен со умисла (чл.6, ст.1 ЗП).

За прекршоци на прекршочно одговорни полнолетни сторители може да им се изречат наредниве санкции: глоба, опомена, престанок на важење на возачка дозвола, забрана на управување со моторно возило, забрана на вршење професија, дејност или должност, протерување на странец од земјата и задолжително лекување алкохоличари и наркомани, односно лица со болести на зависност (чл.13, ЗП).

Глобата се пропишува и изрекува како главна санкција (чл.14 ст.1, ЗП).

**1.1.1.** Глобата за **физичко лице** се состои во плаќање на определен паричен износ кој не може да биде помал од 15 евра во денарска противвредност ниту поголем од 1000 евра во денарска противвредност (чл.15, ст.1 ЗП). **Со законот со кој се пропишува прекршокот, може да се пропише и повисока глоба од определената во чл.15, ст.1 од ЗП (чл.15, ст.3 ЗП).**

**За прекршоци сторени од користољубие или за прекршоци со кои се предизвикува поголема имотна штета** може да се пропише глоба **до двојниот износ** од санкцијата од чл.15, ст.1 од ЗП или во сразмер со височината на причинетата штета или прибавената корист, **но најмногу до дваесеткратен износ** на глобата од чл.15, ст.1 од ЗП (чл.15, ст.4 ЗП).

За прекршок за кој се изрекува **глоба на самото место**, со ЗП може да се пропише определен износ кој за физички лица **не може да биде поголем од 200 евра** во денарска противвредност (чл.15, ст.5 ЗП).

Во одлуката за прекршокот се определува рокот за плаќање на глобата кој не може да биде пократок од 8 дена ниту подолг од 30 дена од денот на правосилноста на одлуката (чл.16, ст.1 ЗП).

ЗП овозможува плаќање на глобата на рати само ако постојат особено оправдани причини поврзани со имотната, односно здравствената состојба на сторителот на прекршокот, и тоа ако:

- нема доволно имот,
- не е вработен,
- боледува од некоја болест, и
- други слични околности кои ја оправдуваат одлуката глобата да се плаќа на рати.

Во ваков случај ќе се определи начинот на плаќањето и рокот на плаќање на глобата кој не може да биде подолг од шест месеца (чл.16, ст.2 ЗП).

Плаќањето на глобата може да се одложи најдолго за една година, под услов на сторителот на прекршокот да не стори нов прекршок, да ја надомести штетата предизвикана со прекршокот или да ги отстрани штетните последици од прекршокот (чл.17, ст.1 ЗП). Ако е донесена, во рокот од чл.17, ст.1 од ЗП, правосилна одлука за нов или за порано сторен прекршок или ако не ја надоместил штетата сторителот или ако не ги отстранил другите штетни последици за прекршокот, изречената глоба ќе се изврши зголемена за 20% (чл.17, ст.2 ЗП). Ако не ја плати глобата сторителот делумно или целосно во утврдениот рок, ќе се спроведе присилно извршување во согласност со одредбите од Законот за извршување (чл.18 ЗП).

Сумарно претставување на податоците поврзани за височината на глобата содржани во анализираните закони е содржано во **Анекс 2** кон овој труд.

На физичко лице може да му се изрече глоба во износ од **минимум 15 евра до 15.000 евра** во денарска противвредност.

Понатаму, според анализата на прекршочните одредби во Република Македонија на физичко лице може да му се изрече глоба во износ **максимум од 100 до 20.000 евра** во денарска противвредност.

Оттука, произлегува дека законодавецот се држел до минималниот износ од 15 евра во денарска противвредност предвидена во ЗП како lex generalis, но во најголемиот број случаи во посебните закони со кои се предвидува прекршочна одговорност како lex specialis, искористена е можноста предвидена со чл.15, ст.3 од ЗП - со законот со кој се пропишува прекршокот, може да се пропише и повисока глоба од онаа определена во чл.15, ст.1 од ЗП (паричен износ кој не може да биде помал од 15 евра во денарска противвредност ниту поголем од 1.000 евра во денарска противвредност).

Оттука, наместо поставениот максимум од **1.000 евра** за физички лица во ЗП, во РМ постои можност за изрекување глоби во износ што одат дури **до 20.000 евра** или **до 20 кратен износ** над максимално предвидениот во ЗП.

Од податоците во Анекс 2 може да се забележи наредната состојба:

**Табела бр. 1** - Вкупен број закони во кои се содржани глоби за физички лица според нивната височина.

| Височина на глоба | Вкупен број закони во кои е содржан наведениот износ на глобата | % |
|---|---|---|
| **до 1.000 евра** | 115 | 49 |
| **до 3.000 евра** | 37 | 16 |
| **до 6.000 евра** | 14 | 6 |
| **до 9.000 евра** | 2 | 1 |
| **до 12.000 евра** | 3 | 1 |
| **над 12.000 евра** | 3 | 1 |
| **Закони во кои не е предвидена глоба за физичките лица** | 59 | 25 |
| **Вкупно** | 233 | 100% |

Во ставката „над 12.000 евра“ се забележува глоба во износ од 15.000 евра, предвидедна во Царинскиот закон[5], а највисоката глоба изнесува 20.000 евра и ја предвидуваат Законот за заштита на конкуренцијата и Законот за платниот промет.[6]

[5] В. Царински закон, („Службен весник на Република Македонија“ бр.39/2005; 4/2008 и 48/2010).
[6] В. Закон за заштита на конкуренцијата („Службен весник на Република Македонија“ бр.4/2005, 70/2006 и 22/2007) Закон за платниот промет („Службен весник на Република Македонија“ бр.113/2007, 22/2008; 159/2008 и 133/2009).

Податоците од Табелата бр. 1 се претставени на графиконот подолу од кој може да се забележи најголема застапеност на глобата во височина до 1.000 евра во денарска противвредност во близу 50% од анализираните закони што предвидуваат прекршочни одредби. Ако се земе предвид фактот што од 233 анализирани закони во 59 закони или 25% не се воопшто предвидени прекршочни одредби во однос на физичките лица, може да се изведе заклучок дека една четвртина од законите предвидуваат глоба со прилично невоедначена височина во однос на физичките лица - од 3.000 до 20.000 евра.

**Графикон бр. 1** - Закони во кои се содржани глоби за физички лица според нивната височина



**1.1.2.** Врз основа на одредбата од чл.15 ст.4 од ЗП, **за прекршоци сторени од користољубие или за прекршоци со кои се предизвикува поголема имотна штета**, може да се пропише глоба **до двојниот износ** од санкцијата од чл.15 ст.1 од ЗП т.е во износ од **30 до 2.000 евра** во денарска противвредност **или во сразмер со височината на причинетата штета или прибавената корист**, **но најмногу до дваесеткратен износ** на глобата од чл.15, ст.1 од ЗП, т.е во износ **од 300 до 20.000 евра**.

Од спроведената анализа на прекршочните одредби во Република Македонија произлегува дека постои можност за изрекување глоби во износ од минимум 30 евра (Закон за малолетничка правда[7]) до максимум 40.000 евра во денарска противвредност (Закон за платниот промет[8]). Со ова, повторно користејќи се со одредбата по чл.15, ст.3 дека со законот со кој се пропишува прекршокот,

[7] Закон за малолетничка правда („Службен весник на Република Македонија“ бр.87/2007, 103/2008 и 161/2008).

[8] Закон за платниот промет („Службен весник на Република Македонија“ бр.113/2007, 22/2008; 159/2008 и 133/2009).

може да се пропише и повисока глоба, во РМ постои можност за изрекување глоба во износ кој оди до 2 пати повеќе од предвидениот максимум со ЗП.

Со Законот за персоналниот данок на доход[9] **за прекршоци сторени од користољубие или за прекршоци со кои се предизвикува поголема имотна штета е предвидена можност** обврзникот на данокот на кој врз основа на работните книги, сметките за испорака на стоки и за извршените услуги што е должен да ги евидентира или на друг начин ќе му се утврди дека пријавил плата, односно приход во помал износ отколку што изнесува тој фактички или дека не го пријавил приходот, и ако износот на данокот што отпаѓа на непријавената плата, односно приход не повлекува кривична одговорност за даночно затајување, ќе му се изрече глоба за сторен прекршок **до 100% од износот на данокот што отпаѓа на помалку пријавениот доход, односно на помалку пријавениот приход** (чл.147 Закон за персоналниот данок на доход).

Законот за супервизија на осигурувањето[10] предвидува глоба во износ од **25.000 евра**.

Од анализираните одредби може да се констатира дека повторно, користејќи се со одредбата по чл.15, ст.3 дека со законот со кој се пропишува прекршокот, може да се пропише и повисока глоба, во РМ постои можност за изрекување глоба во износ кој оди **до 2 пати** повеќе од предвидениот со ЗП.

Мора да се забележи дека е мал бројот на закони кои предвидуваат глоба за прекршоци сторени од користољубие или за прекршоци со кои се предизвикува поголема имотна штета – само 14 закони или 6% од вкупно анализираните.

**1.1.3.** ЗП, исто така, предвидува и **мандатна постапка** за прекршок за кој се изрекува **глоба на самото место.** За овој вид прекршоци може да се пропише определен износ глоба кој за физички лица **не може да биде поголем од 200 евра** во денарска противвредност (чл.15, ст.5 ЗП).

Кога ќе утврди службеното лице дека е сторен прекршок, на сторителот на прекршокот ќе му врачи покана за плаќање на глоба, во рок од осум дена од денот на врачувањето на поканата (чл.48, ст.1 ЗП). Ако не ја плати сторителот доброволно глобата, службеното лице ќе поднесе барање за поведување на прекршочна постапка до надлежниот суд, односно прекршочен орган (чл.48, ст.1 ЗП).

Според анализата на прекршочните одредби, видно од **Анекс 2** кон овој труд, во Република Македонија на физичко лице може да му се изрече мандатна казна- глоба во **минимален износ од 15 до 200 евр**а во денарска противвредност, а **максимален износ од 50 до 800 евра** во денарска противвредност.

Од друга страна, пак, ЗП предвидува **максимален износ од 200 евра** за глоба во мандатна постапка за физичко лице. Значи, повторно користејќи се со одредбата од чл.15, ст.3 од ЗП, и во мандатна постапка се оди **до 4-кратен износ** од предвидениот со ЗП.

---

[9] Закон за персоналниот данок на доход („Службен весник на Република Македонија“ бр.80/1993; 3/1994; 70/1994; 71/1996; 28/1997; 8/2001; 50/2001; 52/2001; 2/2002; 44/2002; 96/2004; 120/2005; 52/2006; 139/2006; 6/2007; 160/2007; 159/2008; 20/2009 и 139/2009).

[10] Закон за супервизија на осигурување („Службен весник на Република Македонија“ бр.27/2002, 98/2002, 79/2007; 88/2008 и 67/2010).

Законот за работните односи, Законот за безбедност на сообраќајот на патиштата, Законот за туристичката дејност и Законот за угостителската дејност[11] предвидуваат можност за изрекување мандатна казна на физичко лице во износ од 300 евра.

Од друга страна, Законот за здравствената заштита и Законот за јавна чистота, како максимален износ на мандатна казна што може да му се изрече на физичко лице, предвидуваат износ од 65, односно 50 евра во денарска противвредност, соодветно.[12]

Глоба на самото место за физички лица е предвидена во 25 закони или близу 11% од вкупно анализираните.

Колку за споредба, според КЗМ за кривични дела на кривично одговорните, меѓу другите предвидени казни, сторители можеда им се изрече парична казна. Во **Табелата бр.2** е претставена височината на паричната казна.

**Табела бр.2** - Височина на парична казна според КЗМ

| | **Физичко лице (евра)** | | **Физичко лице парична казна како споредна казна (евра)** | |
|---|---|---|---|---|
| | **Мин.** | **Макс.** | **Мин.** | **Макс.** |
| **КЗМ** | 5-360 | 360-1.800.000 | 20 | 5.000 |

Паричната казна се изрекува во дневни глоби, при што бројот на дневните глоби **не може да биде помал од пет, ниту поголем од 360 дневни глоби** (чл.38, ст.1 КЗМ). Судот го одмерува бројот на дневните глоби според општите правила за одмерување на казната (чл.38, ст.2 КЗМ). Височината на дневната глоба судот ја определува имајќи ги предвид имотните и личните можности на сторителот, тргнувајќи по правило од чистиот дневен приход што го остварува сторителот или може да го остварува, како и од семејните и други обврски на сторителот и неговата имотна состојба во времето на донесувањето на судската одлука.

**Најмалата вредност на дневната глоба е едно евро во денарска противвредност, а најголемата 5.000 евра во денарска противвредност** (чл.38, ст.3 КЗМ). Судската одлука го содржи износот на паричната казна што се добива со множење на бројот на дневните глоби со утврдената вредност на дневната глоба (чл.38, ст.4 КЗМ). Заради утврдување на вредноста на дневната глоба судот може да бара известувања од банки, финансиски и други установи, државни органи и правни лица, кои се должни да ги доставаат бараните известувања и не можат да се повикаат на заштита на деловна или на друга тајна (чл.38, ст.5 КЗМ).

[11] В. чл.265 ст.2 Законот за работните односи („Службен весник на Република Македонија" бр.62/2005; 106/2008; 161/2008; 114/2009; 130/2009; 149/2009; 50/2010 и 52/2010); чл.132 ст.2 Закон за безбедност на сообраќајот на патиштата („Службен весник на Република Македонија" бр.54/2007; 86/2008; 98/2008; 64/2009 и 161/2009); чл.68 ст.6 Закон за туристичката дејност („Службен весник на Република Македонија" бр.62/2004; 89/2008 и 12/2009); чл.73 ст.3 Закон за угостителската дејност („Службен весник на Република Македонија" бр.62/2004 и 89/2008).

[12] В. чл.192 ст.1 Закон за здравствената заштита („Службен весник на Република Македонија" бр.38/1991; 46/1993, 55/1995; 10/2004; 84/2005; 111/2005; 65/2006; 5/2007; 77/2008; 67/2009 и 88/2010); чл.33 Закон за јавна чистота („Службен весник на Република Македонија" бр.111/2008; 64/2009 и 88/2010).

Оттука, за кривични дела на кривично одговорните сторители може да им се изрече парична казна во износ од **минимум 5 евра до 360 евра** во денарска противвредност. А, највисокиот износ на изречена парична казна може да се движи **од 5.000 евра до 1.800.000 евра** во денарска противвредност.

Кога се изрекува паричната казна како споредна казна покрај казната затвор, судот ја утврдува во паричен износ, без примена на одредбите од ставовите 1 до 5 по чл.38 од КЗМ. Паричната казна како споредна казна **не може да биде помала од 20 евра во денарска противвредност, ниту поголема од 5.000 евра во денарска противвредност** (чл.38, ст.6 КЗМ).

На прекршочно одговорно физичко лице може да му се изрече глоба што се состои во плаќање на определен паричен износ кој **не може да биде помал од 15 евра во денарска противвредност ниту поголем од 1.000 евра** во денарска противвредност според ЗП (чл.15, ст.1), а според другите материјални закони во кои се предвидуваат прекршочни одредби, користејќи ја можноста која ја предвидува чл.15, ст.3 ЗП, **максималниот износ може да достигне 20.000 евра, односно 40.000 евра** во денарска противвредност, за прекршоци сторени од користољубие или за прекршоци со кои се предизвикува поголема имотна штета. Овие податоци се претставени во **Табела бр.3**.

**Табела бр.3** - Минимални и максимални износи на глоби за физичко лице

| | **Физичко лице (ЕУР)** | | **Физичко лице Прекршоци сторени од користољубие или за прекршоци со кои се предизвикува поголема имотна штета (ЕУР)** | | **Физичко лице Глоба на самото место (ЕУР)** | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | **Мин.** | **Макс.** | **Мин.** | **Макс.** | **Мин.** | **Макс.** |
| **ЗП** | 15 | 1.000 | x2=30; x20=300 | x2=2.000; x20=20.000 | / | 200 |
| **Прекр-шочни одредби во други матери-јални закони** | 15-15.000 | 100-20.000 | 30 | 40.000, 100% од непријавен данок | 15-200 | 50-800 |

Од сето погоренаведно произлегува дека за кривично дело, кое инаку е повисок облик на неправо од прекршокот, може да се изрече пониска казна, отколку што е тоа случај за сторен прекршок, како понизок облик на неправо. На овој начин, на ограните од управата им е дадена можност да изречат повисока санкција отколку за кривично дело, што е во спротивност со основите цели и дејства на овој закон: да биде превентивен.

Ваквата апсурдна ситуација при наредната новела на ЗП треба да се исправи што поскоро, бидејќи апсурдноста оди дотаму што, вака како што се поставени одредбите, подобро е лицето да одговара кривично отколку прекршочно (!?).

Оваа состојба неминовно го покренува прашањето за дефинирањето на прекршокот и негово разграничување од кривичното дело.

Така, „поимот на прекршок по својата формална структура не се разликува од поимот на казненото дело. И прекршокот, како и казненото дело, е дејство, во законот предвидено како прекршок; за изрекување санкција за противправниот прекршок е потребна вина на страната на сторителот (исклучок е претпоставената одговорност на правното лице); конечно, на сторителот може да му се изрече казна идентична со таа за казненото дело, иако ЗП го одбегнува називот „казна“. ... Дали тоа значи дека прекршокот не е ништо друго, освен поблаг вид казнено дело, или е некое посебно неправо, различно од казненото дело“.[13]

Според застапниците на квалитативната теорија, казнените дела се вистинско криминално неправо, а прекршоците се обична административна недисциплина или повреда на јавниот ред. Од друга страна, пак, според квантитативната теорија, казнените дела се потежок облик на неправо, додека прекршоците се поблаг облик на неправо, односно, станува збор за два степена на повреда на правните добра, „што го детерминираат и односот на казните и другите санкции за овие дела како облици и степени на посегање по правата на сторителот.“[14] Понатаму, на правната природа на прекршоците како полесна категорија казниви дела се надоврзува логички и судската постапка за нивното пресудување.[15]

Оттука, неопходно е да се ревидираат што поскоро одредбите од Законот за прекршоците со кои се остава можност да се пропише и повисока глоба од определената во ЗП (чл.15, ст.1 ЗП за физички лица), кои доведуваат до апсурдни ситуации, а со тоа ја разводнуваат смислата на казнувањето, од една страна, и суштината на прекршочната одговорност, од друга страна.

### 1.2 Правни лица, одговорно лице во правно лице или службено лице или трговец- поединец

Правното лице може да одговара за прекршок само ако е тоа посебно определено со законот со кој е пропишан прекршокот (чл.7, ст.1 ЗП). Правното лице е одговорно за прекршок ако до извршување на прекршокот дошло со дејство или со пропуштање на должен надзор од страна на надлежниот орган или на одговорното лице во правното лице или со дејство или пропуштање на друго лице кое било овластено да постапува од името на правното лице, во рамките на неговите овластувања, или кога тоа ги пречекорило своите овластувања заради остварување корист за правното лице (чл.7, ст.2 ЗП). Одговорно лице во правно лице или трговец поединец, ќе се казни за прекршок кога до извршување на прекршокот дошло со негово дејство или со негово пропуштање на должен надзор (чл.6, ст.2 ЗП). Прекршочната одговорност на правното лице не ја исклучува одговорноста на сторителот на прекршокот (чл.7, ст.3 ЗП).

[13] Камбовски, В. (2006) „Казнено право, општ дел“, Скопје: 2 Август С Штип, стр.253.
[14] *Ibid*, стр.254.
[15] „Концептот на исклучителна судска надлежност за прекршоците, од кого тргнуваше Уставот (чл.13 ст.1), е редуциран со уставниот амандман XX од 2005 година: изрекувањето санкција за прекршок може во случаи определени со закон да биде пренесено во надлежност на органите на управата и на други органи со јавни овластувања, но битно е дека против нивните одлуки се гарантира судска заштита. Таа е уредена со ЗП (глава XIV) и Законот за управните спорови од 2006 година.“ (*Ibid*, стр.256).

Според чл.44, ст.4 ЗП, како одговорно се смета лице во правно лице на кое со оглед на неговата функција или врз посебно овластување во правното лице му е доверен определен круг на работи што се однесуваат на извршување на законските прописи или на прописите донесени врз основа на закон или на општ акт на правното лице во управувањето, користењето и располагањето со имот, раководењето со производниот или со некој друг стопански процес или надзорот над нив. Понатаму, како службено лице се смета: а) избран или именуван функционер во Собранието на Република Македонија, во Владата, во органите на државната управа, во судовите и други органи и организации што вршат определени стручни, управни и други работи во рамките на правата и должностите на Републиката, во локалната самоуправа, како и лица кои постојано или повремено вршат службена должност во овие органи и организации; б) овластено лице во правно лице на кое со закон или со друг пропис донесен врз основа на закон му е доверено вршење на јавни овластувања, кога должноста ја врши во рамките на тие овластувања; в) лице кое врши определени службени должности врз основа на овластување дадено со закон или со други прописи донесени врз основа на закон; г) воено лице кога се во прашање прекршоци кај кои како извршител е означено службено лице и д) државен службеник кој врши стручни, нормативно-правни, извршни, управно-надзорни и управни работи во согласност со Уставот и со закон (чл.44, ст.5 ЗП). Под поимот воено лице се сметаат: воени старешини- офицери и подофицери, војници на служење на воениот рок, питомци на Воената академија, лица на стручно оспособување и усовршување за офицери и подофицери, воени обврзници во резервниот состав на Армијата на Република Македонија додека се повикани да извршуваат права и должности од областа на одбраната во врска со извршување на воената обврска и цивилни лица на служба во Армијата на Република Македонија (чл.44, ст.6 ЗП). Како лице кое самостојно врши дејност се смета лицето кое врши дејност врз основа на пропишани дозволи или одобренија (чл.44, ст.7 ЗП).

За делата определени со закон прекршочно се одговорни сите правни лица, со исклучок на Република Македонија, државните органи и органите во единиците на локалната самоуправа (чл.7, ст.4 ЗП; чл.44, ст.3 ЗП). Службеното лице во државен орган и во орган на единица на локалната самоуправа е одговорно ако прекршокот го извршило во рамките на своите службени овластувања или ако при вршење на службените овластувања ги пречекорило службените овластувања (чл.10 ЗП).

Правно лице кое е во стечај е одговорно за прекршок извршен пред започнувањето на стечајната постапка и може да му се изрече само посебна мерка на конфискација на имот, имотна корист и одземање на предмети (чл.7, ст.5 ЗП).

ЗП, исто така предвидува одговорност и на странско правно лице. Имено, странско правно лице прекршочно е одговорно ако го сторило делото на територијата на Република Македонија без оглед дали има свое претставништво или подружница што врши дејност на нејзина територија (чл.8 ЗП).

**1.2.1.** Според ЗП за прекршоци на правни лица може да се изречат наредниве санкции: глоба и привремена забрана за вршење одделна дејност (чл.38, ст.1). Глобата се изрекува во износ кој **не може да биде помал од 200 евра** во

денарска противвредност, **ниту поголем од 5.000 евра** во денарска противвредност (чл.38, ст.2 ЗП).

Со законот со кој се пропишува прекршокот **може да се пропише и повисока глоба** од определената во ЗП (чл.38, ст.4 ЗП).

Глобата се пропишува и изрекува како главна санкција (чл.14, ст.1 ЗП).

Според прегледот на прекршочните одредби содржан во Анекс 2 кон овој труд, во Република Македонија на правните лица може да им се изрече глоба во **минимален износ од 200 до 100.000 евра** во денарска противвредност.

Состојбата со височината на глобата за прекршоци кај правните лица е претставена на наредната табела:

**Табела бр.4** - Височината на глобата за правни лица

| Височина на глоба, односно категорија на законот | Вкупен број закони во кои е содржан наведениот износ на глобата | % |
|---|---|---|
| **до 5.000 евра** | 148 | 64 |
| **до 8.000 евра** | 15 | 6 |
| **до 11.000 евра** | 5 | 2 |
| **до 14.000 евра** | 2 | 1 |
| **до 17.000 евра** | 8 | 3 |
| **до 20.000 евра** | 10 | 4 |
| **над 20.000** | 14 | 6 |
| **Закони кои предвидуваат поинакво пресметување на глобите (плати, % од приход, денари)** | 6 | 3 |
| **Закони во кои, воопшто, не е предвидена глоба за правни лица** | 25 | 11 |
| **Вкупно** | 233 | 100% |

Податоците од Табелата подолу се графички прикажани и од нив појасно се согледува дека најголем дел од законите или 64% спаѓаат во групата на закони кои предвидуваат глоба до 5.000 евра во денарска противвредност. Во споредба со законите кои, воопшто, не предвидуваат глоби за физички лица и опфаќаат една четвртина од сите анализирани закони, состојбата со правните лица е поразлична- само 11% од законите не предвидуваат глоба за правните лица. Една четвртина од анализираните закони или 25% предвидуваат глоба во износ над 5.000 евра. Вреди да се забележи дека во ставката „над 20.000 евра“ вклучени се износи на глоба од 25.000, па до 100.000, односно 200.000 евра, што претставува исклучително висок износ на глоба.

Минимален износ од 200 евра во денарска противвредност, може да му се изрече на правно лице според одредбите на Законот за Царинската управа, Законот за заштита и благосостојба на животните, Законот за заштита на децата, Законот за определување на имиња на улици, плоштади, мостови и на други инфраструктурни

објекти и Законот за здруженија и фондации.[16] Според другите материјални закони, може да се пропише минимален износ за правно лице и до 100.000 евра во денарска противвредност. Така, на пример, според Законот за јавен долг.[17]

**Графикон бр. 2** - Височината на глобата за правни лица



А, што се однесува до максималниот износ, според другите материјални закони, на правно лице може да му се изрече глоба во **максимален износ од 100.000 до 200.000 евра** во денарска противвредност, односно повикувајќи се на одредбата по чл.38 ст.4 од Законот за прекршоци, според која со законот со кој се пропишува прекршокот **може да се пропише и повисока глоба** од определената во Законот за прекршоци, тој износ може да оди дури **до 40-кратен износ** од предвидениот максимален износ во согласност со ЗП.

Така, на пример, според Законот за јавен долг, глоба во износ од 100.000 до 200.000 евра во денарска противвредност ќе се му изрече на јавното претпријатие и трговското друштво- носител на јавен долг за сторен прекршок.[18] Потоа, според Законот за животната средина, Законот за земјоделското земјиште, Законот за спречување перење пари и други приноси од казниви дела и финансирање на тероризам и Царинскиот закон, може да се изрече глоба во износ од 100.000 евра во денарска противвредност на правно лице.[19]

---

[16] В. Закон за Царинската управа („Службен весник на Република Македонија“ бр.46/2004; 81/2005; 107/2007; 103/2008; 64/2009; 105/2009 и 48/2010); Закон за заштита и благосостојба на животните („Службен весник на Република Македонија“ бр.113/2007); Закон за заштита на децата („Службен весник на Република Македонија“ бр.98/2000; 17/2003; 65/2004, 113/2005, 98/2008; 107/2008; 83/2009 и 156/2009); Закон за определување на имиња на улици, плоштади, мостови и на други инфраструктурни објекти („Службен весник на Република Македонија“ бр.66/2004 и 55/2007) и Закон за здруженија и фондации („Службен весник на Република Македонија“ бр. 52/2010).

[17] В. чл.28 Закон за јавен долг („Службен весник на Република Македонија“ бр.62/2005 и 88/2008).

[18] *Ibid.*

[19] В. Закон за животната средина („Службен весник на Република Македонија“ бр.53/2005, 81/2005; 24/2007; 159/2008; 83/2009 и 48/2010); Закон за земјоделското земјиште („Службен весник на

Според, Законот за доброволно капитално финансирано пензиско осигурување, Законот за лековите и медицинските помагала и Закон за Царинската управа, може да се изрече максимална казна за правно лице во износ од 50.000 евра во денарска противвредност.[20]

Глоба во максимален износ од 40.000 евра во денарска противвредност може да се изрече на правно лице во согласност со одредбите од Законот за задолжително капитално финансирано пензиско осигурување.[21]

Следуваат закони за кои може да се изрече максимален износ на глоба за правно лице во износ од 30.000 евра (3 закони), 25.000 евра (2 закона), 20.000 евра (10 закони), 16.000 евра (1 закон), 15.000 евра (8 закони), 12.000 евра (2 закона), 10.000 евра (5 закони), 9.000 евра (1 закон), 8.000 евра (9 закони), 7.000 евра (1 закон), 6.500 евра (1 закон), 6.000 евра (6 закони). Значи, 49 закони ја искористиле можноста според чл. 38, ст.4 од Законот за прекршоци и предвидуваат можност да пропишат и повисока глоба од определената во Законот за прекршоци за сторен прекршок од страна на правно лице. Деведесет и два закони се држат до максималниот износ прошишан за правно лице, 5.000 денари во денарска противвредност, а четириесет и осум закони пропишуваат пониски максимални износи од 5.000 евра со најмал предвиден максимален износ од 300 евра според Законот за здруженија и фондации.[22]

Исто така, со определени закони[23], за сторен прекршок е предвидено изрекување **глоби во процентен износ од вкупниот годишен приход на правното лице**. Така, за правни лица според Законот за следење на комуникациите е предвидено изрекување глоба во износ од 7 до 10 % од вкупниот годишен приход. Законот за заштита на конкуренцијата пропишува можност за изрекување глоба во износ од 1 до 10 % од вкупниот годишен приход, а Закон за електронските комуникации предвидува глоби во минимален износ до 2%, 2-4% и 4-7%, и максимален износ на глоби во височина 7-10% од вкупниот годишен приход на правното лице.

Хипотетички, доколку некоја од репрезентативните компании, што го формираат македонскиот берзански индекс 10 (МБИ-10), фирми со најголем вкупен годишен приход во Република Македонија, сторат прекршок според одредбите на

---

Република Македонија“ бр. 135/2007); Закон за спречување на перење пари и други приноси од казниви дела и финансирање на тероризам („Службен весник на Република Македонија“ бр. 4/2008 и 57/2010); Царински закон („Службен весник на Република Македонија“ бр.39/2005; 4/2008 и 48/2010).

[20] В. Закон за доброволно капитално финансирано пензиско осигурување („Службен весник на Република Македонија“ бр.7/2008); Закон за лековите и медицинските помагала („Службен весник на Република Македонија“ бр.106/2007 и 88/2010) и Закон за Царинската управа („Службен весник на Република Македонија“ бр.46/2004; 81/2005; 107/2007; 103/2008; 64/2009; 105/2009 и 48/2010).

[21] В. Закон за задолжително капитално финансирано пензиско осигурување („Службен весник на Република Македонија“ бр.29/2002; 85/2003; 40/2004; 113/2005; 29/2007; 88/2008 и 50/2010).

[22] В. Закон за здруженија и фондации („Службен весник на Република Македонија“ бр. 52/2010).

[23] Закон за следење на комуникациите („Службен весник на Република Македонија“ бр.121/2006 и 110/2008); Закон за заштита на конкуренцијата („Службен весник на Република Македонија“ бр.4/2005, 70/2006 и 22/2007); Закон за електронските комуникации („Службен весник на Република Македонија“ бр.13/2005; 14/2007; 55/2007; 98/2008 и 83/2010); Закон за евиденцијата за научната, културната, просветната и техничката соработка со странство („Службен весник на Република Македонија“ бр.59/1981).

Законот за заштита на конкуренцијата, постои можност да им бидат изречени глоби во износи наведени во **Табела бр.4**.

**Табела бр.4** - Компании кои го формираат МБИ-10 (септември, 2010 година)

| **Р. бр.** | **Назив на компанија** | **Тикер на МБХВ** | **Остварен вк. годишен приход во 2009 год. (МКД)** | **Остварен вк. годишен приход во 2009 год. (евра)** | **1% од вк. годишен приход (евра)** | **10% од вк. годишен приход (евра)** |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | „Алкалоид“ а.д. Скопје | ALK | 5.466.389.000,00 | 88.884.373,98 | 888.843,74 | 8.888.437,40 |
| 2 | „Бетон“ а.д. Скопје | BESK | 2.310.399.000,00 | 37.567.463,41 | 375.674,63 | 3.756.746,34 |
| 3 | „Гранит“ а.д. Скопје | GRNT | 3.247.250.000,00 | 52.800.813,01 | 528.008,13 | 5.280.081,30 |
| 4 | „Комерцијална банка“ а.д. Скопје | KMB | 3.079.417.000,00 | 50.071.821,14 | 500.718,21 | 5.007.182,11 |
| 5 | „Макпетрол“ а.д. Скопје | MPT | 17.304.670.000,00 | 281.376.747,97 | 2.813.767,48 | 28.137.674,80 |
| 6 | „Макстил“ а.д. Скопје | STIL | 4.398.878.000,00 | 71.526.471,54 | 715.264,72 | 7.152.647,15 |
| 7 | ЗК „Пелагонија“ а.д. Битола | ZKPO | 1.143.535.000,00 | 18.594.065,04 | 185.940,65 | 1.859.406,50 |
| 8 | „Реплек“ а.д. Скопје | REPL | 1.271.996.000,00 | 20.682.861,79 | 206.828,62 | 2.068.286,18 |
| 9 | „Стопанска банка“ а.д. Битола | SBT | 358.156.000,00 | 5.823.674,80 | 58.236,75 | 582.367,48 |
| 10 | „Топлификација “ а.д. Скопје | TPLF | 1.632.451.000,00 | 26.543.918,70 | 265.439,19 | 2.654.391,87 |

**Извор**: *Македонска берза за хартии од вредност* а.д. *Скопје*

Од табелата произлегуваат загрижувачки заклучоци - за прекршок може да се изрече глоба чијшто износ може да изнесува фантастични 28 милиони евра. Овој податок е причина повеќе во прилог на согледувањето дека е потребна итна измена на ЗП и оневозможување материјалните закони да предвидуваат нереално високи износи на глоби.

Според Законот за заштита од штети на полскиот имот, на пример, на правно лице може да му се изрече глоба во височина од 20 до 100 плати, а според Законот за прекинување на бременоста, во износ од 4 до 10 плати.[24]

[24] В. Закон за заштита од штети на полскиот имот („Службен лист на СФРЈ“ бр.20/1990 и „Службен весник на Република Македонија“ бр.83/1992) и Закон за прекинување на бременоста („Службен лист на СФРЈ“ бр. 22/1972; 18/1976 и „Службен весник на Република Македонија“ бр.15/1995).

Колку за споредба **за кривични дела** на правни лица како главна казна според одредбите на КЗМ, се изрекува **парична казна**. Паричната казна се изрекува во **износ кој не може да биде помал од 100.000 денари (приближно 1.626 евра), ниту поголем од 30 милиони денари (приближно 487.805 евра)**.

**За кривични дела сторени од користољубие, како и за кривични дела со кои се остварува корист или се предизвикува штета од големи размери**, може да се изрече парична казна **до двојниот износ** од максимумот на оваа казна **или во сразмер со височината на предизвиканата штета, односно остварената корист, но најмногу до нивниот десеткратен износ** (чл.96-а КЗМ).

Значи, за кривични дела сторени од користољубие, како и за кривични дела со кои се остварува корист или се предизвикува штета од големи размери, може да се изрече парична казна во износ **до 60 милиони денари или приближно 976.000 евра.**

Оваа вредност, на пример, е за нецели 29 пати помала вредност од онаа што би ја платил „Макпетрол“ а.д. Скопје за сторен прекршок според одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата, во хипотетички анализираниот пример погоре во текстот.

**Табела бр.5** - Височина на парична казна за правни лица според КЗМ

| | **Правно лице (денари)** | | **Правно лице (евра)** | | **Правно лице (денари)** | **Правно лице (евра)** |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | За кривични дела сторени од користољубие, како и за кривични дела со кои се остварува корист или се предизвикува штета од големи размери | |
| | **Мин.** | **Макс.** | **Мин.** | **Макс.** | **Макс.** | **Макс.** |
| **КЗМ** | 100.000 | 30.000.000 | 1.626 | 487.805 | 60.000.000 | 976.000 |

Еклатантен е заклучокот за неверојатниот диспаритет меѓу височината на паричната казна за правно лице според одредбите на КЗМ за сторено кривично дело и оние предвидени за глоба за сторен прекршок од страна на правно лице во согласност со одредбите на материјалните закони, а користејќи ја одредбата од чл.38, ст.4 од ЗП.

**1.2.2. За прекршоци сторени од користољубие или за прекршоци со кои се предизвикува поголема имотна штета**, може да се пропише глоба **до двојниот износ** од максимумот на санкцијата предвидена за правни лица (5.000 евра во денарска противвредност) или во сразмер со височината на причинетата штета или прибавената корист, но најмногу до дваесеткратен износ (чл.38, ст.3 ЗП). Односно, за прекршоци сторени од користољубие или за прекршоци со кои се предизвикува поголема имотна штета, може да се пропише глоба во **минимален износ од 400 до 4.000 евра** и во **максимален износ од 10.000 до 100.000 евра** во денарска противвредност.

Но, со законот со кој се пропишува прекршокот **може да се пропише и повисока глоба** од определената во Законот за прекршоци (чл.38, ст.4 ЗП), можност која е искористена од страна на 15 закони кои предвидуваат прекршочни одредби.

Така, на пример, Законот за животната средина користејќи ја можноста во согласност со одредбата по чл.38, ст.4 ЗП, за прекршоци сторени од користољубие или за прекршоци со кои се предизвикува поголема имотна штета, пропишува глоба во износ **до 700.000 евра** во денарска противвредност или **до 7-кратен износ** од максимално предвидениот во согласност со ЗП. Законот за доброволно капитално финансирано пензиско осигурување, до 500.000 евра, Законот за задолжително капитално финансирано пензиско осигурување до 400.000 евра, а Законот за девизното работење до 100.000 евра во денарска противвредност.[25]

Законот за заштита од штети на полскиот имот, пак, предвидува глоба во износ од 10 до 20-кратен износ од сторената штета.[26]

Се забележува дека е мал бројот на закони кои предвидуваат глоба за прекршоци сторени од користољубие или за прекршоци со кои се предизвикува поголема имотна штета - таа е пропишана во 16 закони што претставуваат близу 7% од вкупно анализираните.

**1.2.3.** Со законот со кој се пропишува прекршокот за изрекување **глоба на самото место** може да се пропише износ кој **не може да биде поголем од 1.000 евра** во денарска противвредност (чл.38, ст.5 ЗП).

Според анализата, во законите со кои е предвидено изекување глоба на самото место, износот се движи од 200 до 1000 евра во денарска противвредност.

Слично како и претходно, само во 18 закони или 7,7% е предвидена глоба на самото место за правно лице.

**1.2.4.** Глобата за **одговорно лице во правно лице или службено лице или трговец поединец** не може да се пропише во износ **помал од 50 евра** во денарска противвредност **ниту поголем од 2.000 евра** во денарска противвредност (чл.15, ст.2 ЗП).

**Со законот со кој се пропишува прекршокот, може да се пропише и повисока глоба од определената** за одговорно лице во правно лице или службено лице или трговец поединец (чл.15, ст.3 ЗП в.в чл.15, ст2 ЗП**).**

Според анализата, на одговорно лице во правно лице или службено лице или трговец поединец, може да му се изрече глоба во износ **до 30.000 евра** или **до 15-кратен износ**, повторно користејќи ја можноста за пропишување и повисока глоба од определената за одговорно лице во правно лице или службено лице или трговец поединец.

---

[25] В. Закон за девизното работење („Службен весник на Република Македонија“ бр.34/2001; 49/2001; 103/2001; 51/2003 и 81/2008); Закон за доброволно капитално финансирано пензиско осигурување („Службен весник на Република Македонија“ бр.7/2008); Закон за животната средина („Службен весник на Република Македонија“ бр.53/2005, 81/2005; 24/2007; 159/2008; 83/2009 и 48/2010) и Закон за задолжително капитално финансирано пензиско осигурување („Службен весник на Република Македонија“ бр.29/2002; 85/2003; 40/2004; 113/2005; 29/2007; 88/2008 и 50/2010).

[26] В. Закон за заштита од штети на полскиот имот („Службен лист на СФРЈ“ бр.20/1990 и „Службен весник на Република Македонија“ бр.83/1992).

Таква можност предвидуваат, на пример, Законот за јавен долг и Царинскиот закон.[27]

**Табела бр. 6** - Глоба за одговорно лице во правно лице или службено лице или трговец поединец

| **Височина на глоба, односно категорија на законот** | **Вкупен број закони во кои е содржан наведениот износ на глобата** | **%** |
|---|---|---|
| **до 3.000 евра** | 170 | 73 |
| **до 6.000 евра** | 30 | 13 |
| **до 9.000 евра** | 4 | 2 |
| **до 12.000 евра** | 9 | 4 |
| **до 15.000 евра** | 2 | 1 |
| **над 15.000** | 4 | 2 |
| **Закони кои предвидуваат поинакво пресметување на глобите (плати, % од приход, динари)** | 2 | 1 |
| **Закони во кои воопшто не е предвидена глоба за одговорно лице во правно лице или службено лице или трговец поединец** | 12 | 5 |
| **Вкупно** | 233 | 100% |

Податоците од табелата се претставени и графички подолу во текстот. Се забележува дека високи 73% од анализираните закони предвидуваат глоба во износ до 3.000 евра за одговорно лице во правно лице или службено лице или трговец поединец. Мал е процентот на законите што не содржат одредби по оваа основа - само 12 закони или 5% од вкупно анализираните. Другиот дел од законите предвидуваат глоба која се движи од 6.000 до над 15.000 евра. Глоба над 15.000 евра е предвидена во четири закони и тоа: глоба во износ од 20.000 евра е предвидена во Законот за лековите и медицинските помагала[28], глоба во износ од 25.000 евра предвидува Законот за трговските друштва[29], и глоба во износ од 30.000 евра е предвидена во Законот за јавна внатрешна финансиска ревизија[30] и во Царинскиот закон[31].

[27] В. Закон за јавен долг („Службен весник на Република Македонија“ бр.62/2005 и 88/2008) и Царински закон („Службен весник на Република Македонија“ бр.39/2005; 4/2008 и 48/2010).

[28] Закон за лековите и медицинските помагала („Службен весник на Република Македонија“ бр.106/2007 и 88/2010).

[29] Закон за трговските друштва („Службен весник на Република Македонија“ бр.28/2004, 84/2005; 25/2007; 87/2008; 42/2010 и 48/2010).

[30] Закон за јавна внатрешна финансиска контрола („Службен весник на Република Македонија“ бр. 90/2009).

[31] Царински закон („Службен весник на Република Македонија“ бр.39/2005; 4/2008 и 48/2010).

**Графикон бр.3** - Глоба за одговорно лице во правно лице или службено лице или трговец поединец



**1.2.5. За прекршоци сторени од користољубие или за прекршоци со кои се предизвикува поголема имотна штета** може да се пропише глоба **до двојниот износ од санкцијата или во сразмер со височината на причинетата штета или прибавената корист, но најмногу до дваесеткратен износ на глобата** од определената за одговорно лице во правно лице или службено лице или трговец поединец (чл.15, ст.4 ЗП)**.**

Така, според ЗП на одговорно лице во правно лице или службено лице или трговец поединец, за прекршоци сторени од користољубие или за прекршоци со кои се предизвикува поголема имотна штета, може да се изрече глоба во износ од **минимум 100 евра, а максимум 40.000 евра** во денарска противвредност.

Но, повторно користејќи ја можноста да се пропише и повисока глоба од определената, Законот за водите, на пример, пропишува можност за изрекување глоба во максимален износ до 140.000 евра, или до 3.5-кратен износ од предвидениот според ЗП.[32]

Глоба за прекршоци сторени од користољубие или за прекршоци со кои се предизвикува поголема имотна штета за одговорно лице во правно лице или службено лице или трговец поединец е предвидена само во 13 закони или близу 6% од вкупно анализираните.

**1.2.6.** За прекршок за кој се изрекува **глоба на самото место**, со ЗП може да се пропише определен износ кој за одговорно лице во правно лице, службено лице или трговец поединец **не може да биде поголем од 600 евра** во денарска противвредност (чл.15, ст.5, т.2 ЗП).

[32] В. Закон за водите („Службен весник на Република Македонија“ бр.87/2008; 6/2009; 161/2009 и 83/2010).

Глоба на самото место за одговорно лице во правно лице, службено лице или трговец поединец постои како санкција во 25 закони или 11% од вкупно анализираните.

### 1.3. Општи правила за одмерување на прекршочна санкција

Според одредбите на ЗП (чл.25) на сторителот на прекршок му се одмерува санкција во границите што се пропишани со закон за сторен прекршок, имајќи ги предвид прекршочната одговорност на сторителот и тежината на прекршокот. При одмерувањето на санкцијата се имаат предвид сите околности што влијаат санкцијата да биде полесна или потешка (олеснителни и отежнителни околности), а особено: степенот на одговорност на сторителот за прекршок, побудите од кои е сторен прекршокот, јачината на загрозувањето или повредата на заштитеното добро, околностите под кои бил сторен прекршокот, поранешниот живот на сторителот, неговите лични можности и неговото однесување по прекршокот, особено дали ја надоместил штетата. При одмерувањето на глобата се има предвид имотната состојба на сторителот, височината на неговата плата, другите негови примања, неговиот имот и неговите семејни обврски, кај прекршоците од областа на даноците и царините и сразмерноста на височината на неплатените давачки на кои е обврзан со закон. Санкциите изречени за претходно сторен прекршок не може да се сметаат за отежнителна околност, ако поминале повеќе од две години од денот на правосилноста на одлуката за прекршок до сторување на новиот прекршок. При одмерување на глобата на правно лице и трговец поединец се има предвид и стопанската моќ и претходно изречените санкции.

Од друга страна, при одмерување на санкцијата за правно лице, ќе се земе предвид билансот на состојбите и билансот на успехот на правното лице, височината на причинетата штета или прибавената корист, видот на дејноста и природата и тежината на извршениот прекршок. Ако утврди судот, односно прекршочниот орган, глоба за два или повеќе прекршоци во стек, единствената глоба претставува збир на поединечно утврдените глоби, која не може да го надмине законскиот максимум на глобата пропишана за правното лице (чл.39 ЗП).

### Заклучни согледувања

Имајќи ја предвид прикажаната анализа на прекршочните одредби во Република Македонија во однос на височината на прекршочната санкција – глоба, може да се изведат два општи заклучоци и тоа:

- постои очигледен диспаритет во износите на глобите што може да ги изрече судот, постапувајќи според одредбите на ЗП како lex generalis и оние што може да ги изрече прекршочниот органи според законите кои предвидуваат прекршочни одредби како lex specialis;

- диспаритетот се должи на масовната примена на одредбата од чл.15, ст.3 од ЗП, за физички лица, односно чл.38, ст.4 ЗП, за правни лица, одредби кои, иако имаат статус на исклучок, во ЗП се претвориле во правило во најголем број од материјалните закони.

**Во однос на глобите за физички лица**, согледувањата се наредниве:

- за физички лица може да се изречат глоби во износи што се движат до 20.000 евра или до 20-кратен износ над максимално предвидениот во ЗП;

- една четвртина од анализираните закони предвидуваат глоба со прилично невоедначена височина во однос на физичките лица- од 3.000 до 20.000 евра;

- драстично повисоки износи на глоба- до 2 пати повеќе од предвидениот со ЗП, се предвидени за прекршоци сторени од користољубие или за прекршоци со кои се предизвикува поголема имотна штета;

- кај мандатната постапка (глоба на самото место) износот на глобата се движи во височина на 4-кратно зголемен износ од предвидениот со ЗП;

- од направената споредба меѓу височината на парична казна што може да му се изрече на физичко лице според одредбите на КЗМ за сторено кривично дело и височината на глоба за сторен прекршок во согласност со одредбите на ЗП, се доаѓа до апсурден **заклучок** дека за кривично дело, кое е инаку повисок облик на неправо од прекршокот, може да се изрече пониска казна, одошто е тоа случај за сторен прекршок.

**Во однос на глобите предвидени за правните лица**, пак, од анализата може да се изведат наредниве заклучоци:

- посебно се спорни одредбите од материјалните закони според кои височината на глобата за сторен прекршок се врзува за процентуален износ од вкупниот годишен приход на правното лице. Анализата покажа, а исто така и хипотетички анализираните случаи на компании во Република Македонија, дека станува збор за можност за изрекување десетици милионски износи на глоба за сторен прекршок, што е за неколку десетици пати повисока вредност од максимално предвидената парична казна за правно лице за сторено кривично дело;

- една четвртина од анализираните закони или 25% предвидуваат глоба во износ над 5.000 евра, притоа, предвидени се износи на глоба од 25.000, па до 100.000 односно 200.000 евра, што претставува исклучително висок износ на глоба – од 5 до 40-кратен износ повеќе од предвидениот максимален износ во согласност со ЗП;

- еклатантен е заклучокот за неверојатниот диспаритет меѓу височината на паричната казна за правно лице според одредбите на КЗМ за сторено кривично дело и оние предвидени за глоба за сторен прекршок од страна на правно лице во согласност со одредбите на материјалните закони, а користејќи ја одредбата од чл.38, ст.4 од ЗП. Повторно, се доаѓа до апсурден **заклучок** дека за кривично дело, кое инаку е повисок облик на неправо од прекршокот, може да се изрече пониска казна, одошто е тоа случај за сторен прекршок;

- во однос на глобите за правните лица прекршоци сторени од користољубие или за прекршоци со кои се предизвикува поголема имотна штета, можноста да се пропише и повисока глоба од определената во ЗП е искористена од страна на 15 закони кои предвидуваат прекршочни одредби, па така може да се пропише глоба во износ до 7-кратен износ од максимално предвидениот во согласност со ЗП, а еден закон предвидува глоба во износ од 10 до 20-кратен износ од сторената штета;

- кај мандатната постапка (глоба на самото место) според анализата, износот на глобата се движи во височина од 200 до 1000 евра во денарска

противвредност, односно во рамките на износот предвиден со ЗП, но само во 18 закони или 7,7% е предвидена глоба на самото место за правно лице;

- на одговорно лице во правно лице или службено лице или трговец поединец, може да му се изрече глоба во износ до 15-кратен износ од предвидениот во согласност со ЗП, повторно користејќи ја можноста за пропишување и повисока глоба од определената за одговорно лице во правно лице или службено лице или трговец поединец;

- за прекршоци сторени од користољубие или за прекршоци со кои се предизвикува поголема имотна штета, според анализата со определени закони постои можност за изрекување на глоба до 3.5-кратен износ од предвидениот според ЗП. Инаку, глоба за прекршоци сторени од користољубие или за прекршоци со кои се предизвикува поголема имотна штета за одговорно лице во правно лице или службено лице или трговец поединец е предвидена само во 13 закони или близу 6% од вкупно анализираните;

- глоба на самото место за одговорно лице во правно лице, службено лице или трговец поединец постои како санкција во 25 закони или 11% од вкупно анализираните.

Од сето погоре наведено, се наметнува како нужност што поскоро да се ревидираат одредбите од Законот за прекршоците со кои се остава можност да се пропише и повисока глоба од определената во ЗП (чл.15, ст.1 ЗП за физички лица, односно чл.38, ст.4 ЗП за правни лица), кои доведуваат до апсурдни ситуации, а со тоа ја разводнуваат смислата на казнувањето, од една страна, и суштината на прекршочната одговорност, од друга страна.

**Анекс 1**
**Закони кои предвидуваат прекршочни одредби**

| | |
|---|---|
| 1. | Закон за прекршоците („Службен весник на Република Македонија“ бр.62/2006 и 69/2006). |
| 2. | Закон за авторското право и сродните права („Службен весник на Република Македонија“ бр.47/1996; 3/1998; 98/2002; 4/2005 и 131/2007). |
| 3. | Закон за агенциите за привремени вработувања („Службен весник на Република Македонија“ бр.49/2006 и 102/2008). |
| 4. | Закон за адвокатурата („Службен весник на Република Македонија“ бр.59/2002; 60/2006; 29/2007 и 106/2008). |
| 5. | Закон за административните такси („Службен весник на Република Македонија“ бр.17/1993; 20/1996; 7/1998; 13/2001; 24/2003; 19/2004; 61/2004; 95/2005; 7/2006; 70/2006; 92/2007; 88/2008; 130/2008 и 6/2010). |
| 6. | Закон за азил и привремена заштита („Службен весник на Република Македонија“ бр.49/2003; 66/ 2007; 142/2008 и 146/2009). |
| 7. | Закон за акцизите („Службен весник на Република Македонија“ бр.32/2001; 50/2001; 52/2001; 45/ 2002; 98/2002; 24/2003; 96/2004; 38/2005; 88/2008; 105/2009 и 34/2010). |
| 8. | Закон за архивската граѓа („Службен весник на Република Македонија“ бр.36/1990; 36/1995 и 86/2008). |
| 9. | Закон за аудиовизуелните добра („Службен весник на Република Македонија“ бр. 103/2008). |
| 10. | Закон за банките („Службен весник на Република Македонија“ бр.67/2007; 90/2009 и 67/2010). |
| 11. | Закон за безбедност во снабдувањето со крв („Службен весник на Република Македонија“ бр.110/2007). |
| 12. | Закон за безбедност и здравје при работа („Службен весник на Република Македонија“ бр.92/2007). |
| 13. | Закон за безбедност на козметичките производи („Службен весник на Република Македонија“ бр. 55/2007). |
| 14. | Закон за безбедност на производите („Службен весник на Република Македонија“ бр.33/2006 и 63/2007). |
| 15. | Закон за безбедност на сообраќајот на патиштата („Службен весник на Република Македонија“ бр.54/2007; 86/2008; 98/2008; 64/2009 и 161/2009). |
| 16. | Закон за безбедност на храната и на производите и материјалите што доаѓаат во контакт со храната („Службен весник на Република Македонија“ бр.54/2002 и 84/2007). |
| 17. | Закон за берзи на земјоделско-прехранбени производи („Службен весник на Република Македонија“ бр.32/1992; 83/1992 и 139/2008). |
| 18. | Закон за библиотеките („Службен весник на Република Македонија“ бр.66/2004 и 89/2008). |
| 19. | Закон за биомедицинско потпомогнато оплодување („Службен весник на Република Македонија“ бр.37/2008). |
| 20. | Закон за буџетите („Службен весник на Република Македонија“ бр.64/2005; 4/2008; 103/2008 и 156/2009). |

| | |
|---|---|
| 21. | Закон за ветеринарно јавно здравство („Службен весник на Република Македонија“ бр.114/2007). |
| 22. | Закон за ветеринарно-медицински препарати („Службен весник на Република Македонија“ бр.42/2010). |
| 23. | Закон за ветеринарното здравство („Службен весник на Република Македонија“ бр.113/2007). |
| 24. | Закон за виното (,,Службен весник на Република Македонија " бр.50/2010). |
| 25. | Закон за високото образование („Службен весник на Република Македонија“ бр.35/2008, 103/2008; 26/2009; 83/2009 и 99/2009). |
| 26. | Закон за внатрешната пловидба („Службен весник на Република Македонија“ бр.55/2007; 26/2009 и 22/2010). |
| 27. | Закон за водите („Службен весник на Република Македонија“ бр.87/2008; 6/2009; 161/2009 и 83/2010). |
| 28. | Закон за водостопанствата („Службен весник на Република Македонија“ бр.85/2003; 95/2005 и 103/2008). |
| 29. | Закон за воздухопловство („Службен весник на Република Македонија“ бр.14/2006; 24/2007; 103/2008 и 67/2010). |
| 30. | Закон за возила („Службен весник на Република Македонија“ бр.140/2008). |
| 31. | Закон за волонтерството („Службен весник на Република Македонија“ бр.85/2007 и 161/2008). |
| 32. | Закон за вработување и работа на странци („Службен весник на Република Македонија“ бр.70/2007; 5/2009 и 35/2010). |
| 33. | Закон за вработување на инвалидни лица („Службен весник на Република Македонија“ бр.44/2000; 16/2004; 62/2005; 113/2005; 29/2007; 88/2008; 161/2008 и 99/2009). |
| 34. | Закон за вработувањето и осигурување во случај на невработеност („Службен весник на Република Македонија“ бр.37/1997; 25/2000; 101/2000; 50/2001; 25/2003; 37/2004; 4/2005; 50/2006; 29/2007; 102/2008; 161/2008; 50/2010 и 88/2010). |
| 35. | Закон за вршење земјоделска дејност („Службен весник на Република Македонија“ бр.11/2002 и 89/2008). |
| 36. | Закон за вршење на психолошка дејност („Службен весник на Република Македонија“ бр.6/2005). |
| 37. | Закон за вршење на услуги брз трансфер на пари („Службен весник на Република Македонија“ бр.77/2003; 2/2004; 54/2007; 48/2010 и 67/2010). |
| 38. | Закон за генетски модифицирани организми („Службен весник на Република Македонија“ бр.35/2008). |
| 39. | Закон за градежните производи („Службен весник на Република Македонија“ бр.39/2006 и 86/2008). |
| 40. | Закон за градење („Службен весник на Република Македонија“ бр.130/2009). |
| 41. | Закон за гробишта и погребални услуги („Службен весник на Република Македонија“ бр.86/2008). |

| | |
|---|---|
| 42. | Закон за ѓубриња („Службен весник на Република Македонија“ бр.110/2007 и 20/2009). |
| 43. | Закон за данокот на добивка („Службен весник на Република Македонија“ бр.80/1993; 33/1995; 43/1995; 71/1996; 5/1997; 28/1998; 11/2001; 2/2002; 44/2002; 51/2003; 120/2005; 139/2006; 160/2007; 159/2008 и 85/2010). |
| 44. | Закон за данокот на додадена вредност ( „Службен весник на Република Македонија“ бр.44/1999; 55/1999; 86/1999; 8/2001; 21/2003; 19/2004; 33/2006; 101/2006 ;114/2007; 103/2008; 14/2009 и 133/2009). |
| 45. | Закон за даноците на имот („Службен весник на Република Македонија“ бр.61/2004; 92/2007 и 102/2008). |
| 46. | Закон за даночна постапка („Службен весник на Република Македонија“ бр.13/2006; 88/2008; 159/2008; 105/2009 и 133/2009). |
| 47. | Закон за девизното работење („Службен весник на Република Македонија“ бр.34/2001; 49/2001; 103/2001; 51/2003 и 81/2008). |
| 48. | Закон за детективската дејност („Службен весник на Република Македонија“ бр.80/1999, 66/2007 и 86/2008). |
| 49. | Закон за доброволно капитално финансирано пензиско осигурување („Службен весник на Република Македонија“ бр.7/2008). |
| 50. | Закон за договорен залог („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2003; 4/2005 и 87/2007). |
| 51. | Закон за домување („Службен весник на Република Македонија“ бр.99/2009). |
| 52. | Закон за донации и за спонзорства во јавните дејности („Службен весник на Република Македонија“ бр.47/2006 и 86/2008). |
| 53. | Закон за државен пазарен инспекторат („Службен весник на Република Македонија“ бр.24/2007 и 81/2007). |
| 54. | Закон за државната ревизија („Службен весник на Република Македонија“ бр.66/2010). |
| 55. | Закон за државната статистика („Службен весник на Република Македонија“ бр.54/1997 и 21/2007). |
| 56. | Закон за државниот инспекторат за земјоделство („Службен весник на Република Македонија“ бр.20/2009). |
| 57. | Закон за евиденциите во областа на здравството („Службен весник на Република Македонија“ бр.20/2009). |
| 58. | Закон за евиденциите во областа на трудот („Службен весник на Република Македонија“ бр.16/2004 и 102/2008). |
| 59. | Закон за евиденцијата за научната, културната, просветната и техничката соработка со странство („Службен весник на Република Македонија“ бр.59/1981). |
| 60. | Закон за еднакви можности на мажите и жените („Службен весник на Република Македонија“ бр.66/2006; 134/2007 и 117/2008). |
| 61. | Закон за едношалтерскиот систем и за водење на трговскиот регистар и регистар на други правни лица („Службен весник на Република Македонија“ бр.84/2005; 13/2007; 150/2007 и 140/2008). |

| | |
|---|---|
| 62. | Закон за електронска трговија („Службен весник на Република Македонија“ бр.133/2007). |
| 63. | Закон за електронските комуникации („Службен весник на Република Македонија“ бр.13/2005; 14/2007; 55/2007; 98/2008 и 83/2010). |
| 64. | Закон за електронско управување („Службен весник на Република Македонија“ бр.105/2009). |
| 65. | Закон за енергетика („Службен весник на Република Македонија“ бр.63/2006; 36/2007 и 106/2008). |
| 66. | Закон за железничкиот систем („Службен весник на Република Македонија“ бр.48/2010). |
| 67. | Закон за животната средина („Службен весник на Република Македонија“ бр.53/2005, 81/2005; 24/2007; 159/2008; 83/2009 и 48/2010). |
| 68. | Закон за жичари и ски-лифтови („Службен весник на Република Македонија“ бр.54/2000 и 103/2008). |
| 69. | Закон за забрана на развивање, производство, складирање и употреба на хемиски оружја („Службен весник на Република Македонија“ бр.71/2006). |
| 70. | Закон за задолжителни резерви на нафта и нафтени деривати („Службен весник на Република Македонија“ бр.84/2008). |
| 71. | Закон за задолжителниот примерок („Службен весник на Република Македонија“ бр.11/1994 и 92/2008). |
| 72. | Закон за задолжително капитално финансирано пензиско осигурување („Службен весник на Република Македонија“ бр.29/2002; 85/2003; 40/2004; 113/2005; 29/2007; 88/2008 и 50/2010). |
| 73. | Закон за задолжително осигурување во сообраќајот („Службен весник на Република Македонија“ бр.88/2005; 70/2006 и 81/2008). |
| 74. | Закон за заштита и благосостојба на животните („Службен весник на Република Македонија“ бр.113/2007). |
| 75. | Закон за заштита и спасување („Службен весник на Република Македонија“ бр.36/2004 и 49/2004). |
| 76. | Закон за заштита на децата („Службен весник на Република Македонија“ бр.98/2000; 17/2003; 65/2004, 113/2005, 98/2008; 107/2008; 83/2009 и 156/2009). |
| 77. | Закон за заштита на конкуренцијата („Службен весник на Република Македонија“ бр.4/2005, 70/2006 и 22/2007). |
| 78. | Закон за заштита на личните податоци („Службен весник на Република Македонија“ бр.7/2005, 103/2008 и 124/2008). |
| 79. | Закон за заштита на населението од заразни болести („Службен весник на Република Македонија“ бр.66/2004; 139/2008 и 99/2009). |
| 80. | Закон за заштита на потрошувачите („Службен весник на Република Македонија“ бр.38/2004, 77/2007 и 103/2008). |
| 81. | Закон за заштита на потрошувачите при договори за потрошувачки кредити („Службен весник на Република Македонија“ бр.63/2007). |
| 82. | Закон за заштита на правата на пациентите („Службен весник на Република Македонија“ бр.82/2008 и 12/2008). |
| 83. | Закон за заштита на природата („Службен весник на Република Македонија“ бр.67/2004, 14/2006; 84/2007 и 35/2010). |

| |
|---|
| 84. Закон за заштита од бучава во животната средина („Службен весник на Република Македонија“ бр.79/2007). |
| 85. Закон за заштита од експлозивни материи („Службен лист на СФРЈ“ бр.4/1978; 10/1978; 51/1988 и 36/1990 и „Службен весник на Република Македонија“ бр.12/1993; 66/2007 и 84/2008). |
| 86. Закон за заштита од јонизирачко зрачење и радијациона сигурност („Службен весник на Република Македонија“ бр.48/2002 и 135/2007). |
| 87. Закон за заштита од пушењето („Службен весник на Република Македонија“ бр.36/1995, 70/2003, 29/2004, 37/2005, 103/2008; 140/2008 и 35/2010). |
| 88. Закон за заштита од штети на полскиот имот („Службен лист на СФРЈ“ бр.20/1990 и „Службен весник на Република Македонија“ бр.83/1992). |
| 89. Закон за здравјето на растенијата („Службен весник на Република Македонија“ бр.29/2005; 81/2008; 20/2009 и 57/2010). |
| 90. Закон за здравствената заштита („Службен весник на Република Македонија“ бр.38/1991; 46/1993, 55/1995; 10/2004; 84/2005; 111/2005; 65/2006; 5/2007; 77/2008; 67/2009 и 88/2010). |
| 91. Закон за здравственото осигурување („Службен весник на Република Македонија“ бр.25/2000; 34/2000; 96/2000; 50/2001; 11/2002; 31/2003; 84/2005; 37/2006; 18/2007; 36/2007; 82/2008; 98/2008; 6/2009; 67/2009 и 50/2010). |
| 92. Закон за здруженија и фондации („Службен весник на Република Македонија“ бр. 52/2010). |
| 93. Закон за земјоделското земјиште („Службен весник на Република Македонија“ бр. 135/2007). |
| 94. Закон за земјоделство и рурален развој („Службен весник на Република Македонија“ бр. 49/2010). |
| 95. Закон за игрите на среќа и за забавните игри („Службен весник на Република Македонија“ бр.10/1997; 54/1997; 13/2001 и 2/2002 и 54/2007). |
| 96. Закон за идентификација и регистрација на животните („Службен весник на Република Македонија“ бр.67/2004 и 81/2007). |
| 97. Закон за инвалидски организации („Службен весник на Република Македонија“ бр. 89/2008). |
| 98. Закон за инвестициски фондови („Службен весник на Република Македонија“ бр.12/2009 и 67/2010). |
| 99. Закон за индустриската сопственост („Службен весник на Република Македонија“ бр. 21/2009). |
| 100. Закон за инспекциски надзор („Службен весник на Република Македонија“ бр. 50/2010). |
| 101. Закон за испитување и жигосување, односно обележување на огненото оружје и муницијата („Службен весник на Република Македонија“ бр. 25/2010). |
| 102. Закон за исплата на платите во Република Македонија („Службен веник на Република Македонија“ бр.70/94, 62/95, 33/97, 50/2001, 26/2002, 46/2002, 37/2005, 121/2007, 161/2008 и 92/2009). |

| |
|---|
| 103. Закон за јавен долг („Службен весник на Република Македонија" бр.62/2005 и 88/2008). |
| 104. Закон за јавна внатрешна финансиска контрола („Службен весник на Република Македонија" бр. 90/2009). |
| 105. Закон за јавна чистота („Службен весник на Република Македонија" бр.111/2008; 64/2009 и 88/2010). |
| 106. Закон за јавните патишта („Службен весник на Република Македонија" бр.84/2008; 52/2009 и 114/2009). |
| 107. Закон за јавно здравје („Службен весник на Република Македонија" бр. 22/2010). |
| 108. Закон за катастар на недвижности („Службен весник на Република Македонија" бр. 40/2008). |
| 109. Закон за квалитетот на амбиентниот воздух („Службен весник на Република Македонија" бр.67/2004; 92/2007 и 35/2010). |
| 110. Закон за класифицирани информации („Службен весник на Република Македонија" бр.9/2004 и 113/2007). |
| 111. Закон за комуналните такси („Службен весник на Република Македонија" бр.61/2004; 64/2005 и 92/2007). |
| 112. Закон за контрола на извоз на стоки и технологии со двојна употреба („Службен весник на Република Македонија" бр.82/2005 и 84/2007). |
| 113. Закон за контрола на опојни droги и психотропни супстанции („Службен весник на Република Македонија" бр.103/2008). |
| 114. Закон за контрола на предметите од скапоцени метали („Службен весник на Република Македонија" бр.23/1995 и 22/2007). |
| 115. Закон за користење и располагање со стварите на државните органи („Службен весник на Република Македонија" бр.8/2005 и 150/2007). |
| 116. Закон за кредитно биро („Службен весник на Република Македонија" бр. 81/2008). |
| 117. Закон за културата („Службен весник на Република Македонија" бр.31/1998; 49/2003; 82/2005 и 24/2007). |
| 118. Закон за лековите и медицинските помагала („Службен весник на Република Македонија" бр.106/2007 и 88/2010). |
| 119. Закон за лизинг („Службен весник на Република Македонија" бр.4/2002; 49/2003; 13/2006; 88/2008). |
| 120. Закон за ловството („Службен весник на Република Македонија" бр.26/2009). |
| 121. Закон за малолетничка правда („Службен весник на Република Македонија" бр.87/2007, 103/2008 и 161/2008). |
| 122. Закон за матичната евиденција („Службен весник на Република Македонија" бр.8/1995; 38/2002; 66/2007; 98/2008 и 67/2009). |
| 123. Закон за матичната евиденција за осигурениците и корисниците на правата од пензиско и инвалидско осигурување („Службен весник на Република Македонија" бр.16/2004; 55/2007 и 102/2008). |
| 124. Закон за меморијалните споменици и спомен обележјата („Службен весник на Република Македонија" бр.66/2004 и 89/2008). |

| |
|---|
| 125. Закон за меница („Службен весник на Република Македонија“ бр.3/2002 и 67/2010). |
| 126. Закон за метрологијата („Службен весник на Република Македонија“ бр.55/2002 ; 84/2007 и 120/2009). |
| 127. Закон за минералните суровини („Службен весник на Република Македонија“ бр.24/2007, 88/2008; 52/2009 и 6/2010). |
| 128. Закон за музеите („Службен весник на Република Македонија“ бр.66/2004 и 89/2008). |
| 129. Закон за надзор на државната граница („Службен весник на Република Македонија“ бр.71/2006; 66/2007 и 52/2009). |
| 130. Закон за научно-истражувачката дејност („Службен весник на Република Македонија“ бр.46/2008 и 103/2008). |
| 131. Закон за нуспроизводи од животинско потекло („Службен весник на Република Македонија“ бр. 113/2007). |
| 132. Закон за обезбедување на лица и имот („Службен весник на Република Македонија“ бр.80/1999; 66/2007; 84/2007). |
| 133. Закон за облигационите и стварноправните односи во воздушниот сообраќај („Службен весник на Република Македонија“ бр. 85/2008). |
| 134. Закон за образование на возрасните („Службен весник на Република Македонија“ бр.7/2008). |
| 135. Закон за одбрана („Службен весник на Република Македонија“ бр.42/2001; бр.5/2003; бр.58/2006 и бр.110/2008). |
| 136. Закон за одликувања и признанија на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија“ бр.48/2002). |
| 137. Закон за определување на имиња на улици, плоштади, мостови и на други инфраструктурни објекти („Службен весник на Република Македонија“ бр.66/2004 и 55/2007). |
| 138. Закон за органско земјоделско производство („Службен весник на Република Македонија“ бр.14/2008 и 64/2009). |
| 139. Закон за оружјето („Службен весник на Република Македонија“ бр.7/2005; 47/2006; 42/2007; 86/2008 и 72/2010). |
| 140. Закон за основање на Агенција за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој („Службен весник на Република Македонија“ бр.72/2007 и 5/2009). |
| 141. Закон за основното образование („Службен весник на Република Македонија“ бр.103/2008 и 33/2010). |
| 142. Закон за пасиштата („Службен весник на Република Македонија“ бр.3/1998, 101/2000; 89/2008; 105/2009 и 42/2010). |
| 143. Закон за патните исправи на државјаните на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија“ бр.67/1992; 20/2003; 46/2004; 19/2007 и 84/2008). |
| 144. Закон за пензиското и инвалидското осигурување („Службен весник на Република Македонија“ бр.80/1993; 3/1994; 14/1995; 71/1996; 32/1997; 24/2000; 96/2000; 5/2001; 50/2001; 85/2003; 50/2004; 4/2005; 84/2005; 101/2005; 70/2006; 153/2007; 152/2008; 161/2008; 81/2009; 156/2009 и 83/2010). |

| |
|---|
| 145. Закон за персоналниот данок на доход („Службен весник на Република Македонија“ бр.80/1993; 3/1994; 70/1994; 71/1996; 28/1997; 8/2001; 50/2001; 52/2001; 2/2002; 44/2002; 96/2004; 120/2005; 52/2006; 139/2006; 6/2007; 160/2007; 159/2008; 20/2009 и 139/2009). |
| 146. Закон за платниот промет („Службен весник на Република Македонија“ бр.113/2007, 22/2008; 159/2008 и 133/2009). |
| 147. Закон за податоците во електронски облик и електронски потпис („Службен весник на Република Македонија“ бр.34/2001; 6/2002 и 98/2008). |
| 148. Закон за пожарникарството („Службен весник на Република Македонија“ бр.67/2004 и 81/2007). |
| 149. Закон за политичките партии („Службен весник на Република Македонија“ бр.76/2004, 5/2007, 8/2007 и 5/2008). |
| 150. Закон за попис на земјоделството во Република Македонија, 2006 година („Службен весник на Република Македонија“ бр.39/2006 и 113/2006). |
| 151. Закон за посебните права на припадниците на безбедносните сили на Република Македонија и на членовите на нивните семејства („Службен весник на Република Македонија“ бр.2/2002, 17/2003, 30/2004, 66/2007). |
| 152. Закон за постапување по претставки и предлози („Службен весник на Република Македонија“ бр.82/2008). |
| 153. Закон за поштенските услуги („Службен весник на Република Македонија“ бр. 9/2008). |
| 154. Закон за правна заштита на услугите кои се засноваат на, или опфаќаат, условен пристап („Службен весник на Република Македонија“ бр. 127/2008). |
| 155. Закон за превоз во патниот сообраќај („Службен весник на Република Македонија“ бр.68/2004; 127/2006; 114/2009 и 83/2010). |
| 156. Закон за превоз на опасни материи во патниот и железничкиот сообраќај („Службен весник на Република Македонија“ бр.92/2007 и 161/2009). |
| 157. Закон за преземање на акционерските друштва („Службен весник на Република Македонија“ бр.4/2002; 37/2002; 36/2007 и 67/2010). |
| 158. Закон за прекинување на бременоста („Службен лист на СФРЈ“ бр. 22/1972; 18/1976 и „Службен весник на Република Македонија“ бр.15/1995). |
| 159. Закон за прекршоците против јавниот ред и мир („Службен весник на Република Македонија“ бр. 66/2007). |
| 160. Закон за прекурзори („Службен весник на Република Македонија“ бр.37/2004 и 40/2007). |
| 161. Закон за придонеси од задолжително социјално осигурување(„Службен весник на Република Македонија“ бр.142/2008; 64/2009 и 156/2009). |
| 162. Закон за производи за заштита на растенијата („Службен весник на Република Македонија“ бр.110/2007 и 20/2009). |
| 163. Закон за производство и промет на вооружување и воена опрема („Службен весник на Република Македонија“ бр.54/2002; 84/2007 и 161/2009). |

| |
|---|
| 164.Закон за прометот на експлозивни материи („Службен лист на СФРЈ“ бр.30/1985, 6/1989 и 53/1991 и „Службен весник на Република Македонија“ бр.12/1993, 66/2007 и 86/2008). |
| 165.Закон за просветната инспекција („Службен весник на Република Македонија“ бр.52/2005; 81/2008; 148/2009 и 57/2010). |
| 166.Закон за просторно и урбанистичко планирање („Службен весник на Република Македонија“ бр.51/2005; 137/2007 и 91/2009). |
| 167.Закон за работните односи („Службен весник на Република Македонија“ бр.62/2005; 106/2008; 161/2008; 114/2009; 130/2009; 149/2009; 50/2010 и 52/2010). |
| 168.Закон за работното време, задолжителните одмори на мобилните работници и возачите во патниот сообраќај и уредите за запишување во патниот сообраќај („Службен весник на Република Македонија“ бр. 161/2009). |
| 169.Закон за радиодифузната дејност („Службен весник на Република Македонија“ бр.100/2005; 19/2007; 103/2008; 152/2008 и 6/2010). |
| 170.Закон за ревизија („Службен весник на Република Македонија“ бр.79/2005 и 103/2008). |
| 171.Закон за ревизија на инструментот за претпристапна помош (ИПА) („Службен весник на Република Македонија“ бр. 66/2010). |
| 172.Закон за репродуктивен материјал од шумски видови дрвја („Службен весник на Република Македонија“ бр. 55/2007). |
| 173.Закон за рибарство и аквакултура („Службен весник на Република Македонија“ бр.7/2008 и 67/2010). |
| 174.Закон за санитерната и здравствената инспекција („Службен весник на Република Македонија“ бр.71/2006; 139/2008 и 88/2010). |
| 175.Закон за селекционерски права („Службен весник на Република Македонија“ бр. 52/2009). |
| 176.Закон за семејство („Службен весник на Република Македонија“ бр.80/1992 ; 9/1996 ; 33/2006; 84/2008 и 67/2010). |
| 177.Закон за семенски и саден материјал за земјоделски растенија („Службен весник на Република Македонија“ бр.39/2006 и 89/2008). |
| 178.Закон за сигурност во железничкиот систем („Службен весник на Република Македонија“ бр. 48/2010). |
| 179.Закон за складирање и заштита од запални течности и гасови („Службен лист на СФРЈ“ бр.15/1976, 51/1988 и 19/1990 и „Службен весник на Република Македонија“ бр.12/1993, 66/2007 и 130/2008). |
| 180.Закон за следење на комуникациите („Службен весник на Република Македонија“ бр.121/2006 и 110/2008). |
| 181.Закон за слободен пристап до информации од јавен карактер („Службен весник на Република Македонија“ бр.13/2006; 86/2008 и 6/2010). |
| 182.Закон за сметководството на буџетите и буџетските корисници („Службен весник на Република Македонија“ бр.61/02, 98/02 и 81/05). |
| 183.Закон за сметководството на непрофитните организации („Службен весник на Република Македонија“ бр. 24/2003 и 80/2005). |

| |
